МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 384 став 2 точка 1, а во врска со член 408 став 1 точка 11 и член 480 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, член 20 и член 50 од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување а.д Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 1, точка 2, точка 3 и точка 4 од работниот дел на дневниот ред на Јавниот повик за свикување на Годишно собрание за деловната 2022 година бр.02-2832/2-1 од 13.03.2023 година, акционерите на Друштвото на Годишното собрание за деловната 2022 година одржано на ден на 10.05.2023 година, ја усвоија следната:

# ОДЛУКА

**за усвојување на финансиските извештаи, годишната сметка, годишниот извештај за работење и извештајот на овластениот надворешен ревизор за извршената ревизија за деловната 2022 година**

Предлог одлука

1. Се усвојуваат Финансиските извештаи на Друштвото за деловната 2022 година, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење од страна на овластениот надворешен ревизор и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
2. Се усвојува Годишната сметка на Друштвото за деловната 2022 година за која е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, и се утврдува дека на основа на Билансот на сеопфатна добивка во деловната 2022 година се остварени следните финансиски резултати:

| | MKD |
|---|---|
| вкупно приходи | 868.969,220 |
| вкупно расходи | 840.218,179 |
| добивка пред оданчување | 46.751,041 |

3. По пресметаниот данок на добивка за деловната 2022 година, утврдено е:

| | МКД |
|---|---|
| данок на добивка | 6.717,484 |
| добивка по одначување | 40.033,557 |

4. Се усвојува Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2022 година, со вклучени актуарски извештај и актуарска потврда изготвени од страна на овластениот актуар на Друштвото, за кои е добиено позитивно ревизорско мислење и позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото, во текст и содржина, кои се составен дел на оваа Одлука.
5. Се усвојува Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2022 година од овластениот ревизор Друштво за ревизорски услуги ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје, за кој е добиено позитивно мислење од страна на Надзорниот одбор на Друштвото.
6. Годишниот извештај од став 4, Актуарскиот извештај и потврда од став 4, како и Извештајот за извршената ревизија и финансиските извештаи за деловната 2022 година од став 5 на оваа Одлука, преставуваат составен дел на оваа Одлука.
7. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
9. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

ГОДИШНО СОБРАНИЕ
Претседавач

----------------------------